Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Центар, Скопје
ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14 1000 Скопје, Република Северна Македонија
телефон : 02/6142-744 / 02/6142-745 e-mail : oukirogligorov@yahoo.com

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КИРО ГЛИГОРОВ
Бр. 03-815/01
20. 9 2024 год.
Центар Скопје

**ПОВИК ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИЧКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ И ЗАМЕНИЦИ НА УЧЕНИЧКИТЕ ПРАВОБРАНИТЕЛИ**
**Учебна 2024-2025 година**

**ООУ „Киро Глигоров“ – Центар** објавува повик за избор на ученички правобранител и заменици на ученичките правобранители.
Ученичкиот правобранител е ученик што ќе се грижи за заштита и почитување на правата на децата во училиштето, кој ќе има обврска да ги промовира правата на детето, да препознава повреда на детските права во рамките на училиштето и да ги пријави сите случаи на повреда на детските права до надлежните органи во и надвор од училиштето (училиштен кадар и Народен правобранител).

## I. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО

Право на пријавување за функцијата ученички правобранител имаат **учениците од 7, 8 или 9 одделение.**
Право на пријавување за функцијата заменик на ученичкиот правобранител имаат **учениците од 6, 7 и 8 одделение.**

## II. НАЧИН И РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Документи за пријавување: **пријава и мотивационо писмо.**
Заинтересираните кандидати можат да подигнат **пријава** од **педагошко-психолошката служба/класните раководители** во училиштето. Потребно е кандидатите да ја пополнат и да ја достават пријавата до педагошко-психолошката служба/ класните раководители.
Мотивационо писмо се доставува во слободна форма.
**Краен рок за поднесување на документите**: **27.9.2024 година**

## III. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

Избор за ученички правобранител и негови заменици вршат учениците од 7 до 9 одделение според следните критериуми:

**– пол,**
**– возраст,**
**– основно познавање на детските права,**
**– мотивација за пријавувањето,**
**– комуникациски и организациски способности,**
**– етничка припадност,**
**– претходно искуство, односно вклученост во вонаставните активности.**

## IV. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ на ученичкиот правобранител и неговите заменици:

• промовирање на правата на детето во училиштето преку едукативни – врснички работилници и информативни настани;
• прибирање на претставки – поплаки од учениците (препознавање на прекршување на детските права и обезбедување заштита за почитување на детските права);
• редовна комуникација и координација со педагошко-психолошката служба.

**Мандатот на избраниот ученички правобранител и замениците на правобранителите е 2 (две) учебни години (доколку правобранителот е 9 одделение, неговиот мандат е една учебна година).**

Лице за контакт: стручна служба ( педагог,психолог)
Датум: 20.9.2024 година